# ОБВИНИТЕЛСКИ ПЕЧАТ

- Информативен билтен на Јавното обвинителство

WWW.JORM.GOV.MK

мај – јули 2024 година



## ВО ФОКУС

### ОДБЕЛЕЖАНИ 25 ГОДИНИ ЗДРУЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Пред 25 години во манастирот Лешок во Тетово беше формирано Здружението на јавните обвинители. Јубилејот беше одбележан со свеченост на крајот на јуни.

Четвртина век Здружението е важна професионална организација на јавните обвинители, која ги застапува и промовира професионалните стандарди и ставовите на јавнообвинителската организација.

25 ЗДРУЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

СТР.4

## ОБЈАВЕН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО 2023

*И покрај недостигот на човечки и материјални ресурси, Јавните обвинителства во 2023 година успешно го совладаа приливот на нови предмети. Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства е доставен до надлежните институции.*

СТР.6




# ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА НАЈГОЛЕМИОТ ГЛОБАЛЕН ФОРУМ ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

Од 18 до 21 јуни, на покана на Амбасадата на САД, Основниот јавен обвинител на ОЈО Битола Оливера Нечаковска учествуваше на 21вата Меѓународна конференција за антикорупција- најголемиот глобален форум за борба против корупцијата кој се одржа во Вилнус, Република Литванија .

Оваа година темата на Конференцијата беше „Справување со глобалните закани: Борба за интегритет“. Преку пленарни сесии, работилници и мастер часови конференцијата претставуваше место за средби и размена на искуства за над 2000 претставници на правосудството, невладиниот сектор, новинарската професија и бизнис секторот од повеќе од 140 држави од светот во врска со унапредувањето на борбата против корупцијата во современите услови на глобализација на криминалните текови кои ја хранат корупцијата низ светот.

Се дискутираше за дигитализацијата, развојот на „вештачката интелигенција“, а особен фокус беше ставен на интензивирањето на борбата за заштита на животната средина како алатка за борба против корупцијата.

Во рамките на Конференцијата беше организирана и работна средба помеѓу делегациите на земјите од Западен Балкан со Ричард Нефју, координатор за глобална антикорупција на Стејт Департментот. На средбата се разговараше за предизвиците и проблемите во борбата против корупцијата со кои се сочуваат државите од Западен Балкан, како и за поддршката која САД ја обезбедуваат.

Конференцијата заврши со усвојување на т.н Вилнус декларација во која уште еднаш беше потенцирана глобалната важност на борбата против кривичните дела од областа на животната средина, потребата од користење на новите технологии во борба против корупцијата, развој на етичка глобална економија во која ќе се обезбеди почитување на човековите права и ќе се запрат клептократите, криминалците, криумчарите и нивните помагачи да создаваат глобална нестабилност. **Соработката помеѓу државите, институциите и поединците е основен предуслов за успешна глобална борба против корупцијата,** стои во Декларацијата.







На маргините на Конференцијата, обвинителката Нечаковска оствари средба со претставници на Министерството за правда на САД и на Канцеларијата на Европскиот Јавен обвинител. Претставниците на Министерството за правда на САД ја потенцираа потребата од засилена непосредна и директна комуникација со македонските правосудни органи во претстојниот период, бидејќи од декември 2023 година законодавството на САД предвидува надлежност за кривично гонење и на странски носители на јавни функции кои се осомничени за барање поткуп или слични дејствија спрема американски компании,. Ова потенцијално отвора можност и потреба за многу поинтензивна соработка помеѓу американските и македонските правосудни органи во истражување и прибирањето на докази за наведените коруптивни активности и на подрачјето на нашата држава каде се активни американски компании.

Дополнително, во комуникацијата со претставниците на Канцеларијата на Европскиот Јавен обвинител, исто така, беше истакната потребата и корист од понатамошно интензивирање на непосредната и директна комуникација помеѓу двете институции воспоставена со склучениот Работен договор, а со цел полесно остварување на надлежностите во гонењето на кривични дела поврзани со малверзации и злоупотреби во користењето на средства од европските фондови.

Јавната обвинителка Нечаковска, во рамките на Конференцијата, на покана на Јавниот обвинител на Република Литванија Нида Грунскиене, ги посети и канцелариите на литванското Јавно обвинителство, каде се запозна со организацијата и надлежностите на колегите јавни обвинители од Литванија во борба против криминалот, а особено организираниот криминал и корупцијата.



## ДРУГИ ПОВАЖНИ НАСТАНИ



- Работилница на Јавното обвинителство и ДЗР
- Коцевски на форум на државни обвинители од Западен Балкан во Будва
- Средба Коцевски – Коп
- Преку проектот „ЕУ – Поддршка за владеење на правото“ Јавното обвинителство ќе добие нов електронски систем за управување со предметите

# 25 ГОДИНИ ЗДРУЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ – ПРОФЕСИОНАЛНО ЕДИНСТВО И ЈАКНЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА











„Наша обврска, на која континуирано работиме сите овие години, е да ги зајакнеме самостојноста на јавните обвинители во постапувањето, професионалните и етичките стандарди во нашата фела, а со тоа да ја вратиме довербата на граѓаните во нашата работа“, истакна претседателот на Здружението на јавните обвинители Елвин Вели на одбележувањето на 25-годишнината од формирањето на оваа организација.

На одбележувањето на 1 јули, во зградата на Јавното обвинителство, се обрати и Јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љупчо Коцевски.

ПОВЕЌЕ НА СЛЕДДНИОТ ЛИНК




За придонес кон долгогодишна успешна соработка и поддршка, претседателот на Здружението на јавните обвинители Вели додели плакети на:

- Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- Канцеларијата на ОПДАТ при американското Министерство за правда
- Делегацијата на ЕУ
- Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“
- ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор
- Проектот на УНДП „Поддршка на ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“
- Академијата за судии и јавни обвинители
- Адвокатската комора на РСМ
- НВО Центар за правни истражувања и анализи
- Институтот за судска медицина и криминалистика
- Асоцијацијата за корпоративна безбедност

# ИНТЕРВЈУ

## ЦЕЛИМЕ ДА СМЕ ВЛИЈАТЕЛНА И ГЛАСНА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА



**ЕЛВИН ВЕЛИ**
**Претседател на Здружението на јавните обвинители**

**П: Што според Вас е најголема придобивка од Здружението на јавните обвинители во овие 25 години?**

- Ако треба да се издвои, тоа секако би бил стремежот на Здружението континуирано да работи на јакнење на професионалните стандарди на фелата. Цврстото опстојување на етичките и професионалните норми, независното и одговорно постапување е предуслов за јакнење на довербата на јавноста во нашата работа. Доколку тргнам од визијата на колегите кои пред 25 години го формирале Здружението на јавните обвинители, со цел тоа да биде влијателна и гласна професионална обвинителска организација, сметам дека сме на вистинскиот пат.

**П: Во Вашиот мандат до сега беа реализирани неколку важни активности - зголемување на видливоста на Здружението, иницирани измени на Етичкиот кодекс, потпишани меморандуми за соработка со повеќе организации... Колку сте лично задоволни?**

- Задоволен сум, бидејќи во неколку клучни ситуации ја демонстриравме единственоста и релевантноста на јавнообвинителската организација. Секако дека може и многу повеќе. Лично би сакал за одредени прашања во следниот период да мотивирам поголем ангажман од членовите на Здружението. Свесен сум дека јавнообвинителската работа навистина бара голема посветеност и ретко останува време за други обврски, меѓутоа неколку законски решенија кои се во процедура, како и процесите во кои како држава сме вклучени во рамките на приближувањето кон ЕУ директно ја засегаат и нашата работа. Затоа мора да сме присутни со свои предлози и решенија. Исто така, би сакал и поголем број од јавнообвинителските стручни соработници да се активираат во Здружението, бидејќи и нивниот придонес е важен.

**П: Каде го гледате Здружението во следниот четвртина век?**

- Од денешен аспект, тоа ми изгледа како долг период, но и задачите пред нас не се лесни. Сметам дека во следните 25 години Здружението на јавните обвинители мора да опстои на визијата со која го формирале неговите основачи, но притоа да се прилагоди и на современите стандарди на една модерна и независна јавнообвинителска организација. Знам дека јас во мојот мандат ќе работам во таа насока.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО 2023




Јавното обвинителство на Република Северна Македонија го објави единствениот Годишен извештај за работата на јавните обвинителства во државата во 2023 година, во кој се сумирани статистичките податоци за работата на обвинителствата, структурата на криминалитет во извештајниот период, но и состојбите со материјалните и кадровските ресурси. Исто така, извештајот ги опфаќа активностите за јакнење на транспарентноста, меѓуинституционалната и меѓународната соработка.

Најмногу како резултат на повеќемесечниот штрајк на јавнообвинителската администрација, се регистрира извесно намалување на бројот на новопријавени сторители на кривични дела во однос на претходната година, како во однос на полнолетните сторители, така и во однос на децата. Се намалил и бројот на пријави против непознати сторители на кривични дела.

Меѓутоа, во исто време, се зголемил бројот на преземени истражни дејства во предметите.

ЛИНК ДО ЦЕЛОСНИОТ ТЕКСТ НА ИЗВЕШТАЈОТ




## ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

- Применети во вкупно 87 случаи
- Опфатени 416 лица со утврден идентитет
- Опфатени 93 предмети на кривично дело

Во 2023 година може да се констатира дека посто раст од 64% на бројот на случаи во кои бил спроведени посебни истражни мерки во однос н претходната година.

Посебните истражни мерки во најголем број н случаи се применувале за кривично дело Неовластен производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанци и перкурзори од чл.215 од КЗ.

ЛИНК ДО ЦЕЛОСНИОТ ТЕКСТ НА ИЗВЕШТАЈОТ

# РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ 2024

**Со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во кој основните средства за функционирање на обвинителствата се намалуваат за повеќе од еден милион евра од првично предвидените за годинава.**

Ова прашање го разгледа и стручниот колегиум на Јавното обвинителство во проширен состав при што беше донесена едногласна оценка дека со ваквото кратење се доведува во прашање редовната работа на јавните обвинителства, особено со оглед на тоа што намалување на средства со ребалансот се предлага во речиси сите ставки, вклучувајќи ги и парите предвидени за истражни дејствија, за вештачења и анализи, за одржување на возилата потребни за увид и слично.

**КЛУЧНИ КРАТЕЊА:**

- **намалени пари за опрема (вклучително и за веќе склучени договори за набавка на ИТ опрема)**
- **скратување на ари за режиски трошоци**
- **намалување од 80.000 евра за средствата за тековно одржување на системите (вклучително и хардвер и софтвер)**
- **намалени средства за плати и додатоци**
- **кратење на средства за обуки на вработените**
- **непредвидени пари за јавен обвинител за врски со Европравда**

| | ВКУПЕН БУЏЕТ 2024 | БУЏЕТ ЗА ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | ПРОЦЕНТУАЛЕН УДЕЛ ОД ВКУПЕН БУЏЕТ |
|---|---|---|---|
| АЛБАНИЈА | 7,3 милијарди евра | 33 милиони евра | 0,45% |
| ЦРНА ГОРА | 3,5 милијарди евра | 12,6 милиони евра | 0,36% |
| СРБИЈА | 19,1 милијарди евра | 78,8 милиони евра | 0,41% |
| КОСОВО | 3,3 милијарди евра | 17,2 милиони евра | 0,52% |
| БУГАРИЈА | 12,1 милијарди евра | 227,8 милиони евра | 1,80% |
| | | | |
| МАКЕДОНИЈА | 5,6 милијарди евра **Ребаланс: 5,9 милијарди евра** | 14,1 милиони евра **Ребаланс: 13,0 милиони евра** | 0,25% **Ребаланс: 0.22%** |

**СПОРЕДБА: Буџетските издвојувања за Јавното обвинителство во Македонија најниски во регионот**

„Секаде во регионот уделот на буџетот за обвинителствата во вкупниот буџет расте, додека кај нас се намалува. За споредба, Црна Гора со население од околу 600.000 жители и државен буџет речиси двојно помал од нашиот, издвојува речиси еднакво пари за обвинителството колку нашата држава. Косово издвојува над 4 милиони евра повеќе во вкупен обем на пари“, истакна Коцевски пред пратениците од собраниската Комисија за финансисрање и буџет, барајќи со ребалансот да не биде спроведено ваквото кратење на средства кое може да ја загрози јавнообвинителската работа.

## ЛИНКОВИ ДО КОРИСНИ ИЗВЕШТАИ И НАСТАНИ




🔎 Годишен извештај за работата на Европравда (објавен на 30.05.2024 година)
⚖️ Националните граници не се пречка за прогон на криминалот и ефикасна правда

🔎 Европска мултидисциплинарна платформа против криминални закани (EMPACT) - резултати за 2023 година:

- 15644 поведени истраги, 13871 апсења
- запленети над 797 милиони евра и над 197 тони дрога
- осврт на соработката и со земјите од Западен Балкан

# НАЗНАЧЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ДЕЛА ОД ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈА



Јавната обвинителка Емилија Мизо Димков од Основното јавно обвинителство Скопје во јуни е номинирана и задолжена да го следи постапувањето во предметите за кривични дела од омраза и дискриминација.

Номинацијата е на првична иницијатива од КВИР Центар Скопје − Здружението за сексуални и родови малцинства во Република Северна Македонија, кое најави дека во следниот период ќе иницира формирање и на мрежа од невладини организации за потесна соработка меѓу граѓанскиот сектор и јавното обвинителство во постапувањето по предметите за кривични дела од омраза и дискриминација, за што е најавена поддршка и од Советот на Европа.

Номинираната јавна обвинителка има надлежност да го следи постапувањето во предметите и да остварува контакт со пријавителите и со невладините организации кои ги претставуваат интересите на лицата кои се јавуваат во својство на оштетени во ваквите предмети.

***Статистика:***

Во 2023 година во ОЈО Скопје се оформени вкупно 21 нови предмети за кривични дела од омраза, расна и верска определба како и за ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем. Од нив, на крајот на 2023 година за 11 се преземаа дејствија за прибирање докази, во 9 беше донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, а во 1 предмет беше поднесено обвинение.

## ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА СТУДИСКА ПОСЕТА ВО САД






Група јавни обвинители од неколку основни јавни обвинителства во државава, со подршка од Амбасадата на САД, на почетокот на јуни годинава престојуваа во повеќедневна студиска посета на САД, во рамките на која ја заедно со правниот советник во Американската амбасада Џејсон Корли ја посетија Канцеларијата на ОПДАТ во Вашингтон.

При посетата на Канцеларијата за меѓународна правна помош на САД се дискутираше за постапките по замолниците и барањата за екстрадицијата меѓу двете земји. Јавните обвинители остварија посета на седиштето на ФБИ и Врховниот суд на САД, а набљудуваа и повеќе судски рочишта.

Беа остварени средби со Џесика Ејбер, Главен обвинител на Федералното обвинителство за Источна Вирџинија, со Ентони Еминоф, Шеф на одделот за наркотици и перење пари, со судијата Џејмс А.Крол IVод Основниот суд со проширена надлежност во Вашингтон и со повеќе други претставници на институциите .

## ФОТО ВЕСТ

# Промовирана монографија за поранешниот обвинител Заре Лазаревски










На 27 јуни во Скопје беше промовирана монографијата – „Приказна за визионерот, креаторот и градителот Заре Лазаревски кој го создаде ски-центарот и Маврово". Издадена е по повод 100-годишнината од неговото раѓање, а во чест на неговата посветеност да го создаде најпрестижниот зимски туристички центар во регионот во 80-тите години на минатиот век. Монографијата на 110 страници содржи автентични фотографии, сведоштва и податоци за визијата на поранешниот јавен обвинител Заре Лазаревски да создаде во Маврово ски-центар со целосно изградена инфраструктура.

За неговата идеја и за интересните моменти од изградбата на ски-центарот во Маврово зборуваше и синот Бодан Лазаревски, инаку, исто така јавен обвинител.

Подготвено од Служба за односи со јавноста на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија
Надлежен јавен обвинител во ЈОРСМ: Елвин Вели
Раководител на Одделение за односи со јавноста: Биљана Арсовска
Советник-портпарол во ОЈОГОКК: Маја Петрова
press@jorm.mk www.jorm.gov.mk

Скопје, август 2024